Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" Бр.58/00, 44/02, 82/08 и 167/10), Министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на видео надзор во службените простории на Министерството за информатичко општество и администрација (во натамошниот текст: Министерство).

## Член 2

Видео надзорот во службените простории на Министерство се врши заради: заштита на сопственоста и обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории во Министерството.

## Член 3

Видео надзорот се врши преку камери поставени: околу зградата каде е сместено Министерството (во натамошниот текст: зграда), на влезот во зградата, на скалите, во коридорите на приземје и на втори спрат.

## Член 4

Задолжени за безбедноста и за управување со системот на видео надзор, согласно закон, е Министерството за внатрешни работи.

## Член 5

На влезот во зградата на видливо и јасно место е истакнато известување дека се врши видео надзор.

## Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето на огласна табла во Министерство за информатичко општество и администрација.

Бр. 16 - 1576/1
Дата 19.04.2011

Министер
м-р Иво Ивановски